

## ВО ЦРКВАТА НА ДЕВА МАРИЈА ВО ЕФЕС – (II ДЕЛ)

**Живописниот предел каде што е изградена куќата на света Богородица посетителот го потсетува на пределите кои се земени за пример при изградбата на христијанските манастири во светот. А, таму, според обичаите, по поклонувањето во Црквата, излегувањето од храмот и миењето со светата вода, според обичаите и верувањата, посетителот станува аџија.**

Просторот привлекува со својата убавина и живопис, а Црквата претставува место каде илјадници христијани и муслимани доаѓаат да се поклонат и да се помолат. Се чини дека во две илјадитата година Црквата беше најпосетена на 15 август, кога се одржа најголемиот собир по повод Третиот милениум од христијанството, кога Црквата беше посетена од илјадници верници, намерници, христијани, муслимани и други.

Инаку, според пишаните документи познато е дека свети Јован ја донел света Богородица во Ефес во четвртата или петтата  година, веднаш по распетието на Исус Христос. Куќата на планината Билбил, која била подготвена и направена од свети Јован, се наоѓа на 420 метри надморска височина.

Според кажувањата куќата ја открила германската калуѓерка Ана Катерина Емерич, која својот живот го посветила на Бога, била парализирана и воспоставила духовна комуникација со света Богородица. Нејзе во бесвесна состојба и’ се прикажувало, се вели во документите, дека Богородица е закопана во близина на Црквата.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**